CIVICA MOBILITAS

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

АПРИЛ-ЈУНИ 2026 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.25



Фото: Мирјана Ѓорѓиевска/МЕД

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS

# КОГА ЗАЛАГАЊЕТО ТРАЕ - РЕЗУЛТАТИТЕ ДОАЃААТ

**Повеќе од три години. Толку беше потребно едно барање за основно право - платено породилно отсуство за жените земјоделки - да помине пат од јавна кампања, преку собраниска расправа, до правосилна судска пресуда која ја утврди дискриминацијата и ја обврза државата да го промени Законот за здравствено осигурување. И патот сѐ уште не е завршен.**

**Цивика мобилитас „влезе“ во оваа приказна во 2023 година, кога ја поддржа Коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“ – МАРГИНИ и нејзините партнери во нивните активности за застапување за платено породилно отсуство и отсуство поради болест или повреда, наменето за над 14.000 жени регистрирани како индивидуални земјоделки. Преку јавни настани, анализа за јавни политики, кампања и комуникација со пратениците, организацијата значително ја зголеми свесноста за проблемот. Беше поднесен предлог-закон за измени на Законот за здравствено осигурување, а сите пратеници гласаа за потребата од негово донесување. Документарната кампања „Светулки на маката“, во која земјоделките самите раскажуваа за својата секојдневна борба го направи проблемот видлив за јавноста и за Европската Комисија која го додаде во извештајот за напредокот на земјата.**

**Сепак, поместувањата запреа токму пред конкретната промена - законот не беше донесен. Успехот беше делумен: свеста порасна, а политичката волја беше искажана, но правото остана непризнаено.**

**Цивика мобилитас продолжи да ги поддржува организациите во нивната борба за решавање на овој проблем. Со проектот на Хелсиншкиот комитет за човекови права и неговите партнери беа направени нови обиди. Организацијата и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) поднесоа тужба од јавен интерес пред Основниот граѓански суд во Скопје, против Владата и Министерството за здравство. Судот донесе пресуда со која утврди индиректна, интерсекциска и продолжена дискриминација врз индивидуалните земјоделки и ги задолжи властите да иницираат измени на Законот за здравствено осигурување.**

**Овој пример уште еднаш ја потврдува потребата од подолгорочна поддршка на граѓанските организации, нагласува дека подолгата поддршка е поважна од краткорочните интервенции, особено кога станува збор за застапување, подигнување свест или градење капацитети. Промените во политиките и во ставовите на општеството ретко доаѓаат преку еден проект - тие бараат истрајност, континуитет и доверба меѓу донаторот и организацијата, меѓу организацијата и нејзините целни групи. Поддршката на Швајцарската влада преку Цивика мобилитас го овозможува овој континуитет, во случајов да се изоди патот од кампања, застапување до судски процес. Ваквите примери ја прават појасна за јавноста улогата на граѓанските организации и нивниот придонес кон промените во општеството.**

**Во овој број на „Граѓаните за промена“, погледнете ги и другите постигнувања на граѓанските организации без исклучок поврзани со потребите на граѓаните.**

**Пријатно читање!**

**Гонце Јаковлеска**
**Национален координатор на**
**Цивика мобилитас за ИКО**

***Им благодариме на:*** Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ), Здружението Европско движење во Република Северна Македнија (ЕММК), Здружение на еколозите „Натура“ – Струга, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Хуманитарното здружение „Мајка“ Куманово, Организацијат ана жени „Женско лоби“ – Демир Капија, Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, Македонското еколошко друштво (МЕД), Црвениот крст на РСМ ОО Охрид, Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико, Хелсиншкиот комитетет за човекови права (ХКЧП) ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Здружението ЕСЕ, Балканскиот институт за регионалан соработка (БИРС), Здружението на новинарите (ЗНМ), Конект, Мрежа „Стела“, „Еко-свест“ Скопје, Промо идеа – Струмица, „Хартефакт“, Обединетите нации - Северна Македнија, Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС, НВО Инфоцентарот (НВО-ИЦ), Фондацијата Метаморфозис, за поддршката и пристапот до информациите при подготовката на текстовите за овој број. ***Фото архива:*** Цивика мобилитас, Граѓански ресурцен центар, ЗНМ, ИДСЦС, ХЕРА, БЦСДН, МЕД, ХКЧП, Ромалитико, Европско движење, Здружение на еколозите „Натура“ – Струга, Црвен крст на РСМ ОО Охрид, НВО Инфоцентар, ХЗ „Мајка“ , ОЖ „Женско лоби“ Демир Капија, Мрежа „Стела“, Коект, Промо идеа – Струмица, „Еко-свест“ Скопје, ОН Северна Македонија, Хартефакт фонд, Одделението за соработка со невладини организации.



ТЕМА

# ГРАЃАНСКИ АНГАЖМАН

# Бесплатни прегледи по повод Светскиот ден на здравјето



По повод Светскиот ден на здравјето, кој годинава се одбележа под мотото „Заедно за здравје, застани зад науката“, ХЕРА-Асоцијација за здравствена едукација и истражување, во партнерство со општина Центар на 6 април организираше бесплатни превентивни прегледи и здравствени консултации за граѓаните.

На настанот граѓаните можеа бесплатно да си го измерат крвниот притисок и нивото на гликоза во крвта, како и да добијат совет и консултација со гинеколог, ортопед, дерматолог и инфектолог. Од ХЕРА посочуваат дека со ваквите иницијативи, заедно со општина Центар, директно придонесуваат кон поголема достапност на превентивните услуги и поттикнуваат кај граѓаните поактивна грижа за сопственото здравје.

Од организацијата истакнуваат дека овогодинешното мото ја нагласува потребата здравствените политики да се темелат на докази, но и тие докази да прераснат во конкретни, достапни и праведни услуги за сите граѓани, што подразбира и поголеми инвестиции во превенција, подобра географска распределба на здравствените услуги и систем што ги адресира нееднаквостите.

И покрај тоа што превенцијата е клучен сегмент од здравствениот систем, анализите на граѓанските организации покажуваат дека пристапот до овие услуги останува сериозно ограничен. Според наодите на кои се повикуваат од ХЕРА, дури 80% од жените платиле за гинеколошки услуги кои требало да бидат бесплатни, а само околу 15% од жените се опфатени со скрининг за рак на грлото на матката во период од три години, наместо потребните 75%. Загрижувачки е и податокот дека 92% од Ромките не се информирани дека имаат право на бесплатен гинеколошки преглед. Истовремено, посочуваат од организацијата, пристапот до тестирање за ХИВ преку граѓанските организации се покажува значително поефикасен: еден позитивен случај на 150 тестирања, наспроти еден на 1.150 во здравствените установи.

Иако постојат превентивни програми, нивната примена во пракса останува ограничена поради недоволно финансирање, слаба достапност и недоволна информираност, што особено ги погодува ранливите групи и жените од руралните средини, предупредуваат од ХЕРА. Оттаму додаваат дека превенцијата не смее да биде повремена активност, туку континуирана и достапна услуга за сите, бидејќи само преку навремена грижа, информираност и еднаков пристап до здравствени услуги можат да се намалат здравствените ризици и да се обезбеди подобар квалитет на живот.

# Заврши вториот едукативен камп во Дојран на Македонското еколошко друштво

Во периодот од 16 до 18 мај, Македонското еколошко друштво го одржа второто издание на едукативниот камп во Дојран, што е дел од проектот „Заштита и ревитализација на медитеранските влажни зони“ – PROZHUM. Кампот обедини 33 средношколци, од кои дел учествувале и на првото издание, а речиси половина учествуваа за прв пат.

Три дена, Дојранското Езеро им беше училница на отворено на учесниците. Броеја и идентификуваа водни птици, истражуваа водоземци и влекачи, го проучуваа растителниот диверзитет и преку лабораториска и микроскопска анализа обработуваа примероци од алги, а знаењата ги надградуваа и преку едукативни игри.

„Младите имаат голем интерес за животната средина кога знаењето им се пренесува преку искуства што им се блиски. На ваков камп тие учат да работат тимски, стануваат љубопитни и почнуваат да ја гледаат природата поинаку, не само како околина, туку како простор со суштински вредности“, истакна Светлана Пејовиќ, раководителка на програмата за еколошка едукација во организацијата.

Дојран е избран поради разновидноста на живеалиштата, богатиот растителен и животински свет и статусот на Рамсарско подрачје од меѓународно значење, прогласено на национално ниво и за споменик на природата. „Станува збор за вистинска лабораторија на отворено, каде можат да се сретнат значајни видови, меѓу кои и пеликаните, а регионот е посебен и по историската поврзаност меѓу човекот и природата, како што е традиционалниот риболов со корморани", посочи Данка Узунова, проектна координаторка и орнитолог во организацијата.

Кампот уште еднаш покажа дека младите најдобро ја разбираат природата преку непосредно истражување и заедничко учење, што кај нив гради поодговорен однос кон просторот што ги опкружува. Проектот е финансиран од Француската агенција за развој.



## Граѓани и организации го одбележаа Денот на Европа со планинарски марш и пошумување



По повод Денот на Европа, граѓани, институции и организации низ Македонија учествуваа во низа настани посветени на европското заедништво и солидарност.

На 2 мај, пред Јуроп хаус (Europe House) во Скопје, се одржа традиционалното планинарско искачување на Водно, организирано од Европското движење, со кое се најави претстојниот Ден на Европа. На настанот учествуваа претставници на Европското движење, на Делегацијата на ЕУ, искусни планинари, но и голем број граѓани, водени од заедничката желба за поголемо европско заедништво. Во текот на искачувањето, учесниците го разменија македонското и европското знаме, гест преку кој сакаа да испратат порака дека довербата и партнерството не се градат во канцеларии, туку преку споделени искуства и заедничка определеност.

Од Европското движење истакнуваат дека планинарските вредности всушност се совпаѓаат со европските: солидарност, взаемна поддршка и подготвеност секогаш да се биде потпора на оној до тебе. Токму тоа, според организаторите, беше и главната порака на маршот, дека патот нагоре е посигурен кога се оди заедно.

Одбележувањето на Денот на Европа продолжи и надвор од Скопје, На 12 мај, во Велес, под слоганот „Наша Европа – растеме заедно!" беше реализирана акција за пошумување над велешкото езеро „Младост", во реонот „Бела Вода", во која беа засадени 2500 садници од јасен и јавор. Настанот беше во организација на Делегацијата на Европската Унија во земјата и мрежата Јуроп Хаус Велес, која ги обезбеди садниците во соработка со ЈП „Македонски шуми" – Шумско стопанство „Бабуна".

Во еколошката акција учествуваа над 150 ученици, млади и претставници на организации, меѓу кои и тимот на Здружението на лица со церебрална парализа и други попречености (ЗЛЦП) од Велес, кои заедно со останатите учесници придонесоа за позелена иднина на градот.

## Граѓанска мрежа за чист воздух во Југозападниот регион

Здружението на екологи „Натура" – Струга, во партнерство со Извидничкиот одред „Мирко Милески" – Кичево, започна со поставување инструменти за мониторинг на квалитетот на воздухот во општините Струга, Охрид, Вевчани, Дебар и Кичево, што е една од активностите на проектот „Граѓанска мрежа за чист воздух во Југозападниот регион", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Современите инструменти се поставуваат во близина на училишта, градинки, болници и јавни институции, како и во централните делови на градовите и ќе овозможат континуирано следење и отворен пристап до податоците во реално време. Целта е зголемување на транспарентноста и јавното информирање за загадувањето на воздухот, но и подигнување на свеста кај граѓаните за заштитата на животната средина и јавното здравје. Преку онлајн платформата www.klimerko.org, жителите на

регионот ќе можат во секој момент да ги следат параметрите на квалитетот на воздухот во својата општина.

Во Струга, во рамки на проектот, организаторите ја одржа и првата обука за чист воздух. Настанот го отвори проектниот координатор Бардил Туши, кој ги претстави целите на проектот, по што универзитетскиот професор Мусах Фејзулов, ангажиран како експерт за подготовка на едукативниот прирачник, го презентираше и реализираше интерактивни задачи со учениците. На обуката присуствуваше и Беса Татеши, раководителка на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање, која ја поддржа важноста на вклучувањето на младите во заштитата на животната средина.

Проектот претставува чекор кон создавање граѓанска мрежа за мониторинг на воздухот, вклучувајќи ги заедницата, институциите и граѓаните во заштитата на животната средина и креирањето подобри политики за почист воздух.



## Црвен крст Охрид со низа активности по повод Светскиот ден на Црвениот крст

Под мотото „Хуманоста обединува", Црвен крст Охрид го одбележа 8 мај, Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина, воспоставен во чест на роденденот на основоположникот на движењето, Анри Динан. Одбележувањето продолжи низ целата Недела на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во периодот од 8 до 15 мај.

На самиот празник, делегација на Црвен крст Охрид и Здружението „Анри Динан" од Струга, заедно со претставници на општина Охрид и волонтери од Клубот на млади и програмата за грижа за стари лица, положија свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан во седиштето на организацијата. Истиот ден беше отворен и инфо-ден за децата од предучилишните установи и учениците од основните училишта во Охрид и Дебрца, кои преку промотивни материјали се запознаа со мисијата на движењето и можностите за волонтирање.

Во текот на неделата, Црвен крст Охрид организираше повеќе информативни сесии за различни целни групи, насочени кон подигање на свеста за хуманоста, солидарноста и волонтерството. Меѓу нив беше и посетата на децата од ЈОУДГ „Јасна Ристеска", кои на 11 мај ја слушнаа приказната за формирањето на движењето и се сретнаа со волонтерите од групата за грижа за стари лица „Најди време".

Организацијата спроведе и хуманитарни активности на јавни места, со посебен акцент на придонесот на младите волонтери во заедницата, а на 5 мај, во соработка со Факултетот за туризам и угостителство, беше реализирана и успешна крводарителска акција. Во рамки на одбележувањето, Црвен крст Охрид, со поддршка на канадската организација Canadians For Children at Health Risk (CCHR) од Торонто, подготви и подели хуманитарни пакети со прехрамбени производи и средства за хигиена на семејства кои живеат во социјален ризик во Охрид и Дебрца.



## Обука за новинарки и активистки за родово сензитивно известување

Во рамки на проектот „Родово сензитивно новинарство за локален медиумски плурализам (РЕМ)", НВО Инфоцентар започна серија од пет онлајн едукативни сесии посветени на родовата еднаквост и родово сензитивното, етичко новинарство. На сесиите учествуваат пет тимови, составени од по една новинарка и една граѓанска активистка, кои преку студии на случај, групни дискусии и практични вежби ги надградуваат своите знаења за родовите стереотипи, родово заснованото насилство, родовите дезинформации и користењето родово сензитивен јазик во јавната сфера.

Првите две сесии, одржани на 21 мај, ги водеше адвокатката и експертка за родова еднаквост Неда Чаловска, со фокус на родово заснованото и дигиталното родово засновано насилство, како и постојните механизми за заштита. Следните две сесии, одржани на 27 мај, беа посветени на родово сензитивното известување и известувањето за родово заснованото насилство, а ги водеше новинарот и експерт за родова еднаквост Огнен Јанески.

Проектот доаѓа во период кога, според организаторите, сè почесто се шират антиродови наративи кои родовата еднаквост ја претставуваат како закана за традиционалните вредности, особено на локално ниво, каде ограничениот пристап до проверени информации и послабите медиумски капацитети создаваат поволна почва за поларизирани толкувања на родовите прашања. Ситуацијата дополнително се влошува од фактот што кај голем број локални и регионални медиуми во Северна Македонија, редакциските политики поврзани со родовата еднаквост и безбедноста честопати остануваат чисто декларативни.

Целта на проектот е зајакнување на професионалниот капацитет на локалните и регионалните медиуми за подобар пристап до информации и промовирање на медиумскиот плурализам преку родово сензитивно и одговорно новинарство.

Проектот „Родово сензитивно новинарство за локален медиумски плурализам (РЕМ)“ го спроведува НВО Инфоцентар, со поддршка од проектот MEdIA-Lit, кој го спроведува Центарот за граѓанско образование од Црна Гора (CCE/CGO), во партнерство со Хелсиншкиот комитет за човекови права во Србија, Хелсиншкиот комитет за човекови права во Северна Македонија, Тиранскиот центар за новинарска извонредност во Албанија и Атлантската иницијатива во Босна и Херцеговина. Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Министерството за регионален и инвестициски развој и соработка со невладини организации на Владата на Црна Гора.



# Женскиот активизам носи промени во руралните средина

Хуманитарното здружение „Мајка“ од Куманово на 25 април ја одржа третата регионална средба за вмрежување од проектот „Активни жени“.

На средбата учествуваа жени активистки од рурални средини од Куманово, Крива Паланка и Кратово, претставници на локални институции, граѓански организации и партнерски организации. Целта беше да се презентираат постигнатите резултати, да се споделат искуства од терен и да се отвори дијалог за предизвиците и можностите за понатамошно учество на жените во локалното одлучување.

На панел-дискусијата „Женски активизам во акција“, учесничките споделија конкретни примери за влијанието на проектот врз нивниот личен развој и врз развојот на нивните заедници. Една од говорничките преку стекнатите знаења и вештини успеала да аплицира и да обезбеди грант за унапредување на сопствениот бизнис, чекор кон нејзино економско зајакнување и независност. Други учесници зборуваа за промените во нивните заедници, нагласувајќи дека процесот не бил лесен, но резултирал со конкретни и видливи резултати, меѓу кои и обезбедено поставување контејнери во една од заедниците, како резултат на застапувачките активности насочени кон подобрување на јавната хигиена и условите за живот.

„На почетокот немавме поддршка од заедницата, имаше предрасуди кон жените и неверување дека нешто ќе се оствари, но навистина има поместување“, сподели една од активистките, посочувајќи на постепената промена на ставовите и зголеменото учество на жените во локалните процеси.

Учесничките истакнаа и дека организираниот женски активизам придонесува кон поголема застапеност на жените во локалното одлучување, при што во една заедница успеале да иницираат избор на месна заедница во чии структури влегле две жени.

Средбата ја потврди важноста на женското вмрежување, солидарноста и заедничкото застапување како механизми за подобрување на положбата на жените од руралните средини.

Од 2024 до 2026 година, проектот „Активни жени“ опфати над 200 жени од осум заедници во трите општини, кои ги надградија своите знаења за застапување, локално учество и економско јакнење. Плод на нивното ангажирање се 58 иницијативи, обединети во 16 формални барања поднесени до локалните самоуправи, а дел од учесничките добија и директна поддршка за вклучување на пазарот на труд и за отпочнување сопствен бизнис.

Проектот го спроведува Хуманитарното здружение „Мајка“ Куманово во партнерство со Регионалниот центар за соработка СПЕКТАР, Регионалниот центар за одржлив развој – Кратово и Фондацијата за развој на мали и средни претпријатија – Куманово, со поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

# Јавна трибина за важноста на женското учество во креирањето на локалните политики




Во Демир Капија се одржа јавна трибина посветена на важноста на учеството на жените во процесите на донесување одлуки и креирање локални политики. На настанот учествуваа претставници на локалните самоуправи од Демир Капија, Росоман и Градско, членови на комисиите за еднакви можности на жените и мажите од трите општини, како и претставнички на месните женски совети од 11 локални заедници, кои во изминатиот период активно работеа на идентификување на потребите и приоритетите на своите заедници.

Преку отворен дијалог беа претставени досегашните иницијативи за јавно застапување на жените од руралните средини и можностите за унапредување на консултативните практики во локалните самоуправи, со посебен акцент на потребата од редовна, транспарентна и двонасочна комуникација меѓу локалните власти и жените од заедниците.

Меѓу споделените искуства беа успешните иницијативи за воведување субвенциониран локален превоз, обезбедување детски реквизити преку собирање потписи од населението, но и решавањето на прашањето за детска градинка во едно од селата. Учесничките се осврнаа и на бариерите со кои сè уште се соочуваат, вклучувајќи стереотипи што ги спречуваат некои жени да го изразат своето мислење или да учествуваат на средбите во месните заедници.

Од средбата произлегоа неколку заклучоци, како на пример: потребата да се подобри теренската комуникација меѓу институциите и населението, воведување механизми за граѓанско учество што ќе бидат еднакво достапни за сите, и поголемо вклучување на жените во месните заедници каде се одлучува за решавање на локалните проблеми.

Учесниците се согласија дека жените претставуваат важен двигател на позитивни промени во локалните заедници, и дека нивното активно учество во планирањето и одлучувањето придонесува кон поквалитетни и поинклузивни локални политики.

Активноста е дел од проектот „Жените го превземаат водството во локалните заедници“ што организацијата на жени „Женско Лоби“ - Демир Капија го спроведува во партнерство со Фондацијата Kvinna till Kvinna, Акција здруженска од Скопје и Хуманитарното здружение„ Мајка“ од Куманово. Проектот е финансиран од Европската Унија и шведската амбасада.

# Граѓански ангажман, култура и уметност

Мрежа Стела во јуни го одржа вториот менторски круг со девојките од менторската програма за млади Ромки, овој пат посветен на граѓанскиот ангажман и уметноста, односно на прашањето како преку културното наследство и уметничкото изразување може да се гради свест за важноста на творењето на мајчин јазик, поаѓајќи од сопственото искуство и потекло.

На сесијата, заедно со уметницата, писателка и активистка Џемилиана Абдулова, претседателка на Ромскиот културен и медиа центар „Бариканипе“, девојките креативно се изразија преку пишување писмо до себе, во кое ја опишаа иднината каква ја замислуваат за неколку години. Во продолжение се отворија прашања за ангажирањето во заедниците преку уметност, зачувувањето на ромското културно наследство, но и за тоа како преку мали чекори може да се дојде до остварување на посакуваните цели.

Абдулова го сподели сопственото искуство со уметноста, раскажувајќи како таа ѝ помогнала да се охрабри и да ја раскажува својата приказна преку поезија, уметнички перформанси и цртање, по што девојките отворено разговараа за своите идеи, следните чекори и поддршката што ја имаат во заедницата.

Активностите се дел од проектот „Вкоренети во солидарност: Ромки кои водат со глас, визија и моќ“, кој е финансиран од Европска асоцијација за локална демократија (ALDA) и Agence Française de Développement (AFD)



# Од невидливост кон еднаквост – одржлива инклузија и правен идентитет за ромската заедница



По повод 8 Април, Меѓународниот ден на Ромите, во Собранието на Република Северна Македонија се одржа настанот „Од невидливост кон еднаквост – одржлива инклузија и правен идентитет за ромската заедница". Настанот ги обедини претставниците на институциите, меѓународната заедница, пратениците и претставниците на ромската заедница околу заедничката заложба за поголема инклузија и еднаков пристап до права, а беше организиран во соработка со Интерпартиската парламентарна група за поддршка на правата на Ромите, со поддршка на Националниот демократски институт, Ромалитико и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

На панел-дискусијата за одржлива инклузија и правен идентитет учествуваше и извршниот директор на Ромалитико, Елвис Шаќири. Тој отвори неколку системски прашања со кои се соочува ромската заедница. Шаќири истакна дека би било значајно Интерпартиската парламентарна група оваа година својата работа да ја насочи кон надминувањето на сегрегацијата во основното образование, за која Европскиот суд за човекови права во Стразбур веќе има донесено пресуда, кон забрзаното решавање на предметите за легализација на бесправно изградени објекти, како и кон овозможувањето пристап до основно образование за Роми со одмината возраст, што понатаму би придонело и за нивно поактивно вклучување на пазарот на трудот.

Од Ромалитико изразија подготвеност да ја преземат улогата на секретаријат и да обезбедуваат стручна и техничка поддршка на Интерпартиската парламентарна група во процесот на подготовка и унапредување на законските измени.

Од организацијата нагласуваат дека остануваат посветени на унапредувањето на правниот идентитет, еднаквиот пристап до права и креирањето конкретни решенија за надминување на структурните нееднаквости со кои се соочуваат Ромите, верувајќи дека токму преку јасен институционален фокус, соработка и политичка волја овие прашања можат да добијат реален напредок.

# Млади во Струмица учеа како подобро да управуваат со личните финансии



Дваесет млади лица од Струмица помина низ четиридневна обука за финансиска писменост, одржана од 11 до 14 мај во Уп хаб (Up Hub) Струмица. Учесниците се запознаа со основите на личното буџетирање, штедењето и инвестирањето, но и со тоа како овие секојдневни одлуки се вклопуваат во поширокиот економски систем, преку даноците и јавните финансии.

Младите денес сè почесто самостојно управуваат со своите пари, изложени на бројни дигитални понуди и финансиски ризици за кои често немаат доволно знаење, а токму на тоа обучувачите Олга Рајчиќ и Пламен Тодоров го засноваа делот од обуката околу инвестирањето, фокусирајќи се на проценката на ризик и принос и претставувајќи го инвестирањето како процес на анализа, а не како случаен избор.

„Финансиските вештини не значат само да знаете да ја пресметате разликата помеѓу приход и трошок. Тие значат да умеете да поставите приоритети, да препознаете ризик, да донесете одлука врз основа на информации и да размислувате за последиците од таа одлука", вели Рајчиќ, нагласувајќи дека кај младите е особено важно ова да се гради навреме, затоа што малите финансиски навики подоцна стануваат основа за поголема сигурност и самостојност.

Освен теоретскиот дел, учесниците имаа можност и сами да презентираат свои заклучоци на крајот од обуката, применувајќи го наученото на конкретни примери.

Активноста е дел од проектот „Младинска мрежа за финансиска писменост на Југоистокот", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, а го спроведуваат здруженијата Промо идеа и Новус од Струмица, заедно со здружението „Круна плус" од Радовиш.

# Скопје домаќин на европски и регионални културни настани



Во средината на мај, Скопје за неколку дена прерасна во средиште на независната културна сцена, собирајќи уметници, културни работници и претставници на европски културни мрежи од земјава, регионот и пошироко. Поводот беа два поврзани настани, Форумот „Култура за развој“ (13 и 14 мај) и регионалната конференција BEYOND (15 и 16 мај), организирани од Хартефакт во соработка со Клубтура, Кооператива, Фондацијата за култура А25 и Еурадиа, во простори препознатливи за локалната независна сцена, како Киното во Железничката зграда и Младинскиот центар „Матично“.

Форумот „Култура за развој“, првиот од двата настана, го отвори заменик-шефицата на Мисијата на Швајцарската амбасада, Михал Харари, која ја нагласи важноста на поддршката за независната култура во услови на сè поограничено долгорочно финансирање, потсетувајќи дека културата е суштински дел од демократските општества. На истиот настан, слична порака упати и Сарах Малики од Хартефакт, истакнувајќи ја улогата на општествено ангажираната уметност во градењето поотпорни заедници.

Низ двата дена дискусии учесниците разговараа за нестабилното финансирање на секторот, стеснувањето на јавниот простор за култура и отежнатите услови за работа на уметниците, но и за потребата од посилна регионална и европска поврзаност. Претставници на европски мрежи, меѓу кои Culture Action Europe и IETM, се сложија дека токму искуството на Балканот, одржливо преку солидарност и самоорганизирање, има што да понуди на пошироката европска културна сцена.

Работните сесии резултираа со конкретни препораки за заштита на уметничката слобода, зачувување на физичките и дигиталните културни простори и поголема вклученост на младите во секторот. Со ова, Скопје уште еднаш се потврди како место каде независната култура од Балканот директно се среќава со европските текови.

Активностите се дел од проектот „Култура за развој“, поддржан од Владата на Швајцарија, а спроведуван од Хартефакт Фонд.

# Поддршка, менторство и нови можности за развој на граѓанските организации во Радовиш




Граѓанскиот ресурсен центар продолжува со организирање отворени денови низ државата, со цел да обезбеди директна поддршка на локално ниво. На 12 јуни, се одржа средба со локалните организации во Радовиш, наменета за размена на искуства и дискусија за предизвиците и можностите за развој на граѓанското општество во регионот.

Столе Георгиев, регионалниот експерт за Југоисточниот плански регион, ги информираше присутните за советодавната и менторската поддршка достапна за организациите од регионот, додека Валентина Величковска, извршната директорка на Граѓанскиот ресурсен центар, ги презентираше актуелните состојби во граѓанското општество и достапните можности за финансирање и јакнење на капацитетите. Во отворената дискусија учесниците разговараа за реалните потреби на локалните организации, нагласувајќи дека идната поддршка треба да биде прилагодена токму на нив.

Учесниците позитивно ја оценија средбата. Претставници на локалните организации истакнаа дека ваквите иницијативи придонесуваат за етаблирање на граѓанскиот сектор како важен корективен фактор во општеството, а особено ги поздравија советодавните и менторските услуги на Центарот, кои им помагаат подобро да ги планираат своите активности и да градат нови партнерства.

„Отворениот ден претставуваше корисна можност за непосредна комуникација и запознавање со поддршката што ја нуди ГРЦ. Особено ја поздравуваме можноста за

директна соработка со регионалниот експерт за граѓанското општество. Веруваме дека неговото присуство на терен и менторската поддршка ќе бидат значајна придобивка за организациите во процесите на јакнење на нивните капацитети, развој на нови иницијативи и создавање одржливи партнерства", изјави Евгенија Донева од АДМЕЛИОРА, изразувајќи очекување ваквите активности да продолжат и во иднина.

Настанот е дел од проектот „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", финансиран од Европската Унија, а го спроведуваат Фондацијата Граѓански ресурсен центар, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Асоцијацијата за демократски иницијативи – Гостивар и Медиа Плус – Штип.

## Општините покажаа интерес за развивање социо-економски услуги за жени и девојки од ранливи категории



Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), НАЛАС и ГИЗ на 19 јуни ја одржаа првата онлајн инфосесија за општините и давателите на социјални услуги заинтересирани да аплицираат на отворениот повик од Програмата за јакнење на капацитетите на општините за унапредување на социо-економското учество на жени и девојки од ранливи категории. На сесијата се приклучија над 15 општини и неколку даватели на услуги, со фокус на две ранливи групи: жени и девојки жртви на родово базирано или семејно насилство, и жени и девојки кои живеат во рурални или оддалечени средини.

Целта на Програмата е да им овозможи на општините да развијат интегрирани социо-економски услуги, комбинација од социјални, образовни и услуги за вработување, засновани на докази што одговараат на повеќеслојните потреби на овие целни групи. Во рамки на процесот, осумте најдобро рангирани општини ќе учествуваат на онлајн курс за социјално мапирање и креирање политики, четири од нив ќе добијат дополнителна поддршка за спроведување на социјалното мапирање, а на крајот две општини ќе бидат избрани за директна финансиска и техничка поддршка во висина од 7.000 евра секоја, наменета за воспоставување и почетно спроведување на новите услуги.

Активностите потоа ќе се одвиваат во неколку фази, од социјално мапирање на терен и обука во есента 2026 година, преку дизајнирање на концепти за услуги, до нивно воспоставување и спроведување во текот на 2027 година, со финална размена на искуства кон крајот на октомври 2027.

Програмата за јакнење на капацитетите е дел од проектот „Мостови за инклузија", кој го спроведуваат NALAS и неговите членки од Западен Балкан, во рамки на регионалниот проект „Унапредување на социо-економската вклученост во општините од Западен Балкан" (SPARK), имплементиран од Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH, во име на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ).

## Безбедноста и здравјето при работа мора да ги опфатат и психосоцијалните ризици

По повод Светскиот ден за безбедност и здравје при работа, на 28 април во Скопје се одржа настан посветен на психосоцијалните аспекти на работата, стресот, менталното здравје на работниците и потребата од здрави психосоцијални работни средини. Настанот го организираше Советот за безбедност и здравје при работа на Република Северна Македонија, преку проектот „Кон безбедна и здрава работна средина во Северна Македонија", кој го спроведува Меѓународната организација на трудот (МОТ) со финансиска поддршка од Европската Унија.

Во фокусот на настанот беше пораката дека безбедноста и здравјето при работа не се сведуваат само на физичка заштита, туку подразбираат и системска грижа за менталната благосостојба, организацијата на работата и превенцијата на стресот. Претставниците на институциите, Европската Унија, МОТ, работодавачите и синдикатите кои учествуваа на настанот се согласија дека справувањето со современите ризици на работното место бара координиран пристап, силен социјален дијалог и јасна определба за превенција.

Од Државниот инспекторат за труд беше соопштено дека бројот на смртни повреди при работа е намален во однос на минатата година, а извршените инспекциски надзори за безбедност и здравје при работа во 2025 година го надминале планираниот број. Од институциите

беше нагласено дека само со системски пристап од сите чинители несаканите последици можат да се сведат на минимум.

Учесниците се осврнаа и на потребата од заштита на достоинството на работниците преку колективни договори, наместо преку работни услови кои ги надминуваат меѓународните стандарди, како и на важноста семејствата на настраданите работници да не бидат заборавени во дискусиите за безбедноста при работа.

Во стручниот дел од програмата, домашни и меѓународни експерти говореа за превенцијата на психосоцијалните ризици преку организацијата на работата, улогата на европските истражувачки мрежи во развојот на стратегии за интервенција, како и за меѓународни искуства во управувањето со овие ризици, меѓу кои и примерот на Норвешка.

Проектниот тим на МОТ посочи дека и покрај тоа што системот за безбедност и здравје при работа функционира, со десетици илјади спроведени инспекциски надзори и илјадници утврдени неправилности, фокусот сè уште е претежно на видливите, физички ризици, додека психосоцијалните ризици остануваат недоволно препознаени и евидентирани.

Настанот заврши со работилница на тема дизајнирање здрави психосоцијални работни средини, со јасна порака дека иднината на безбедноста и здравјето при работа зависи од способноста на системот да ги препознае и адресира сите ризици, видливи и невидливи. Проектот „Кон безбедна и здрава работна средина во Северна Македонија" продолжува да работи на јакнење на националната рамка за безбедност и здравје при работа преку реформи, институционално јакнење, дигитализација и поддршка на социјалните партнери.

# Граѓанско учество

## Судот утврди дискриминација врз индивидуалните земјоделки во пристапот до здравствено осигурување



Основниот граѓански суд донесе пресуда со која утврди дека индивидуалните земјоделки се жртви на индиректна, продолжена и интерсекциска дискриминација при остварувањето на правата од здравственото осигурување, конкретно правото на надомест на плата за време на бременост, раѓање и мајчинство, како и при привремена спреченост за работа поради болест или повреда. Со оваа пресуда, Владата и Министерството за здравство се задолжени да иницираат измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување.

Пресудата следуваше по тужба за заштита од дискриминација (actio popularis), поднесена од Хелсиншкиот комитет за човекови права и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, како дел од проектот „Еднаквост сега – Зајакнување на маргинализираните заедници за социјална инклузија и недискриминација", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Од судот посочија дека иако индивидуалните земјоделки се вклучени во системот на задолжително здравствено осигурување и формално имаат својство на осигуреници, во пракса не уживаат еднаков пристап до правата што произлегуваат од тој систем. Според судот, станува збор за навидум неутрално законско правило кое ги признава земјоделките како осигуреници, но фактички ги исклучува од клучни парични надоместоци, и покрај тоа што плаќаат пониска основица при пресметување на придонесите, а сепак остануваат реални обврзници во системот.

Во постапката беше земено предвид и мислењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација уште од 2023 година, во кое веќе се укажуваше дека исклучувањето на оваа категорија жени од надоместоците за бременост, раѓање, мајчинство и привремена неспособност за работа претставува форма на индиректна дискриминација, со повик за итни законски измени.

Проблемот, се истакнува во постапката, има изразена социјална димензија. Земјоделките честопати се принудени да продолжат со работа дури и во бременост или болест, бидејќи отсуството значи директно губење при-

ход, што создава циклус на ранливост и дополнителна маргинализација, спротивен на принципите на заштита на мајчинството и родовата еднаквост.

Судот оцени дека станува збор за системски проблем што произлегува од самата законска рамка, а не од индивидуални случаи, и дека постоечките мерки за финансиска поддршка, иако корисни, не претставуваат вистинско системско решение. Токму затоа, според пресудата, единствен пат до реален пристап до правата на индивидуалните земјоделки е суштинска измена на законот.

## Дебатата во Собранието е оценета со 5,7, промовирани нови дигитални алатки и образовни иницијативи за поголема транспарентност и учество

Швајцарската програма за поддршка на Собранието продолжува со активности насочени кон поголема отвореност, одговорност и инклузивност на законодавниот дом, преку анализи на собраниската работа, дигитални алатки за транспарентност и едукативни содржини за граѓаните и младите.

Меѓу новитетите е едукативниот модул „Новинарството во акција: Учење за демократија преку истражување“, кој веќе се пилотира во три основни училишта како дел од предметот граѓанско образование, со цел учениците критички да размислуваат за својата улога како активни граѓани.

Програмата инвестира и во дигитални решенија што го приближуваат Собранието до граѓаните. Веб-платформата за **канцеларии за контакт со граѓани** овозможува закажување средби со пратеници и следење на поднесени иницијативи, додека апликацијата „**Прашај ВИ асистент**“, развиена преку парламентарен хакатон со студенти, користи вештачка интелигенција за анализа на пленарните седници, олеснувајќи им на граѓаните, новинарите и институциите пребарување низ обемните видео материјали.

Континуираното следење на работата на Собранието покажа дека квалитетот на дебатата е оценет со 5,7 на скала од 1 до 10, според најновиот извештај „**Поглед на Собрание: Извештај од набљудувањето на квалитетот на дебатата во Собранието (јули – декември 2025)**“.



Мобилниот караван на Собранието, кој годинава се одржува по трет пат, стави засилен фокус на младите и универзитетите преку промоција на новите дигитални алатки. Караванот започна на 27 април во Штип и заврши 5 јуни со настан во Скопје, а помина низ Охрид, Битола, Свети Николе, Прилеп, Гостивар и Тетово.

Швајцарската програма за парламентарна поддршка е проект на Владата на Швајцарија, под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија, а се спроведува од Националниот демократски институт (НДИ), во партнерство со Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП).

## Корупцијата присутна во здравството: секој петти здравствен работник се соочил со неа

Здружението ЕСЕ објави истражување „**Корупција во здравството - Корупција одвнатре и однадвор**“, спроведено во рамки на проектот „Посилен систем за поправедна заштита: Намалување на корупцијата во здравството“, со поддршка од Француската развојна агенција преку Expertise France, во соработка со Македонската асоцијација на гинеколози и акушери.




„Секој петти здравствен работник на некаков начин се соочил со корупција. Нашето истражување помеѓу здравствените работници покажа дека тие се свесни за постоењето корупција во секторот, а дел од нив биле вклучени или сведоци на такви случаи“, посочуваат од ЕСЕ.

Истражувањето, спроведено меѓу здравствени работници и раководители во јавните здравствени установи, покажува дека корупцијата во здравството е системски проблем, присутен и во односот со пациентите и во внатрешното функционирање на установите.

Речиси една четвртина од здравствените работници (22,2 отсто) биле директно или индиректно изложени на корупција во односот со пациенти во изминатите 12 месеци. Најчести се директното барање пари, подароците, упатувањето кон приватни услуги кај истиот лекар и препорачувањето лекови или лаборатории за лична корист. Особено ризична област е гинеколошко-акушерската дејност, каде што 86,5 отсто од испитаниците велат дека одредени коруптивни барања се повторлива појава.

Според податоците од истражувањето, секој петти здравствен работник бил директен сведок или слушнал од колеги за случаи на барање интимна услуга во замена за здравствена услуга. Истовремено, само околу една четвртина се чувствуваат информирани или едуцирани за овој феномен.

Корупцијата е присутна и при вработувањето, унапредувањата и распределбата на ресурси. Повеќе од 63 отсто сметаат дека таа повремено или често влијае врз кариерниот напредок, додека 31,7 отсто веруваат дека нивната установа во пракса применува етички кодекс или антикорупциска политика.

„Според истражувањето што го спроведовме кај здравствените работници, иницијативата за корупција доаѓа и од докторите, но и од пациентките или членови на нивните семејства", велат претставниците од ЕСЕ.

Непријавувањето е еден од најсериозните предизвици. Формално пријавиле корупција само околу 7 отсто од испитаниците, а како главни причини за молчење ги наведуваат недовербата дека нешто ќе се промени, стравот од последици и недостигот од докази. Само 17,3 отсто сметаат дека пријавувачите се доволно заштитени.

Како најважни мерки, здравствените работници ја издвојуваат заштитата на пријавувачите (77 отсто), по што следуваат построги санкции и контроли, поголема транспарентност и подобри услови за работа.

## Законот за високото образование под притисок на критики и очекувања

Владата го усвои финалниот текст на Законот за високото образование, кој следно оди на разгледување во Собранието, но веќе предизвика широка институционална и академска дебата.

Владините претставници го бранат законот како чекор кон модернизација на универзитетскиот систем. Заменик-претседателот на Владата, Беким Сали, истакна дека во него се вклучени предлози од универзитетите и дека никој нема да биде отпуштен, додека министерката за образование Весна Јаневска појасни дека Х-индексот (научен показател кој комбинира број на објавени трудови и нивната цитираност од други автори) повеќе нема да биде основен критериум за избор во звање, туку дополнителен елемент што ќе игра улога само при еднаков број поени.

Опозицијата и академската заедница остануваат критични. Независниот академски синдикат посочи дека поголем дел од нивните предлози не биле прифатени, особено во делот на универзитетската автономија и финансирањето на науката. Младинскиот образовен форум (МОФ) предупредува дека студентите се маргинализирани, со само еден претставник од 11 членови во универзитетското студентско тело, односно околу 9% учество во одлучувањето, а Форумот за промени во образованието оценува дека законот е инструмент за политичка контрола, наведувајќи дека седум од 15 членови на Советот за квалитет се именуваат директно од Владата.

Универзитетскиот професор Сахмедин Салиу смета дека составот на новиот Универзитетски совет е подобрен во однос на претходните верзии, додавајќи дека Х-индексот треба да остане само ориентациски критериум, а не услов за научно звање. Професорот Азис Положани предупреди дека избрзани решенија што ги загрозуваат правата на студентите можат да ја намалат довербата во институциите.

Горенаведените информации се дел од текстот „Владата го усвои финалниот текст на Законот за високото образование, дебатата се интензивира пред парламентарна постапка" изработен во рамки на проектот „Застапување за инклузивен развој", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, а го спроведуваат Форумот за разумни политики, ИОХН и БИРС.

## Средба со граѓани од Гевгелија и од Богданци за главните локални проблеми

Демографскиот проблем на иселување на младите и стареење на населението, проблемите во здравството, екологијата и земјоделството беа меѓу главните теми што граѓаните од Гевгелија и Богданци ги споделија со претставниците на Институтот РЕСИС.

Во Гевгелија, граѓаните најмногу се осврнаа на состојбата со здравството, посочувајќи го недостигот на педијатри и лекари специјалисти во болницата, како и запуштените амбуланти во околните места што порано функционирале квалитетно. Присутните изразија загриженост и од масовното иселување, но и од фактот дека

земјоделството практично исчезнува, додека главен двигател на локалната економија остануваат казината. Меѓу останатите проблеми беа споменати недостатокот на јавен превоз од помалите населени места до градот, слабата еколошка свест кај населението и непристапноста на јавните институции за лицата со попреченост.

Во Богданци пак, иселувањето на младите исто така беше меѓу главните грижи на жителите, кои укажаа на потребата од поголема поддршка за возрасните лица што остануваат сами во домовите. Граѓаните посочија и на недостигот на лекари специјалисти и биохемиска лабораторија во општината, како и на незадоволството од концентрацијата на енергетски капацитети во нивна близина, опишувајќи дека се буквално опколени со ветерници, а се најавуваат и нови фотоволтаични централи без конкретна корист за локалното население. Меѓу другите проблеми што жителите ги споделија со Институтот РЕСИС беа и пожари во оголените околни шуми и отсуството на противпожарна служба, но и небезбедноста на регионалниот пат кон Гевгелија, за кој граѓаните бараат итно поставување банкина.

Собраните сознанија ќе бидат дополнително обработени и презентирани пред редакцијата на медиумот на заедницата „Локал Актив“, составена од локални новинари и граѓански активисти, со цел клучните проблеми на жителите на Гевгелија и Богданци да прераснат во истражувачки и аналитички приказни што ќе ја зголемат нивната видливост и ќе поттикнат институционални решенија.

Средбите се дел од поширок циклус консултации во Источниот, Југоисточниот и Вардарскиот регион, наменети за подготовка на нови содржини на медиумите на заедниците.

# Македонските општини со нови чекори кон праведната енергетска транзиција

На форум на заедницата, организиран од Еко-свест во соработка со општина Кичево и месната заедница Белица, претставници на институциите, општините, ТЕЦ Осломеј, бизнис секторот, синдикатите, граѓанските организации и образовните институции разговараа за улогата на Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) Кичево во процесот на праведната транзиција и можностите регионот поактивно да се вклучи во националните процеси на енергетска трансформација.

Меѓу главните препораки од форумот беше повторното активирање на ЛЕСС Кичево, кој постои уште од 2016 година, но останува неактивен. Учесниците се согласија дека советот треба да биде проширен со претставници на сите релевантни локални чинители и да прерасне во постојана платформа за дијалог, подготовка на заеднички проекти и застапување на интересите на регионот.

„Потребно е поголемо вклучување на општините во подготовката на националните стратегии и планови. Регионите со јаглен имаат потреба од дополнителни финансиски средства, подобра инфраструктура и јавен транспорт за економски развој“, изјави Дарко Белески, раководител на секторот за локален економски развој во Општина Кичево.

Како приоритетни можности за развој на регионот беа посочени индустриските развојни зони, обновливите извори на енергија, земјоделството, пчеларството и туризмот, со посебен акцент на неискористениот туристички и културен потенцијал на Кичевско. Учесниците укажаа и на потребата од зајакнување на електроенергетската инфраструктура и подобрување на условите за локално претприемништво.

Од Еко-свест потсетија дека организацијата уште во 2020 година работела на сценарија и анализи за алтернативен економски развој на регионот, во соработка со локалните заедници. „Мапиравме бројни природни и културни атракции кои воопшто не се искористени. Кичевчани многу добро ги препознаваат овие потенцијали и токму затоа мора да бидат активно вклучени во носењето одлуки за трансформацијата на регионот“, истакна Елена Николовска од Еко-свест.

Како позитивен пример беше претставено искуството на ЛЕСС Битола, каде активното вклучување на институциите, синдикатите и граѓанските организации придонесе за посилно учество на регионот во националните процеси на праведна транзиција. Во таа насока беше најавена и иницијатива за формирање мрежа на локални економско-социјални совети на национално ниво, со стабилно финансирање за нивното функционирање.

Заклучокот од средбата беше дека успешната праведна транзиција бара силни локални институции, активно учество на граѓаните, транспарентно управување со средствата и поголема улога на општините во креирањето политики за развој на регионите зависни од јаглен.

Како дел од напорите за јакнење на локалните капацитети за енергетска транзиција, Еко-свест со поддршка на Фондацијата Хајнрих Бел и Шведска, организираше и студиска посета во Хрватска за градоначалниците и секретарите од општините Битола, Кичево, Новаци, Демир Капија, Куманово и Вевчани. Во периодот од 15 до 18 јуни тие се запознаа со успешни модели на граѓански енергетски заедници во Загреб, Пушќа, Забок, Крижевци и Риека, каде граѓаните и локалните самоуправи заеднички инвестираат, произведуваат и управуваат со обновлива енергија.

Студиската посета беше насочена кон размена на искуства што ќе помогнат во спроведувањето на новиот Закон за енергетика и Националниот план за енергија и клима на локално ниво. Учесниците имаа можност непосредно да ги посетат проектите и да се уверат во економските, социјалните и еколошките придобивки што ги носи овој модел. Научените искуства ќе им помогнат на македонските општини полесно да ги применат новите законски можности и да развиваат локални енергетски иницијативи во соработка со граѓаните, институциите и бизнис-секторот.

# ЗНМ и УНДП ја иницираа неформалната Мрежа за информациски интегритет



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), ја одржа првата консултативна средба за формирање на неформална Мрежа за информациски интегритет во Северна Македонија.

Иницијативата се спроведува во рамки на глобалната поддршка на Обединетите нации за мрежи за информациски интегритет и има за цел да поврзе институции, медиуми, граѓански организации, академска и технолошка заедница, како и меѓународни партнери, во справувањето со предизвиците на современиот информативен простор.

На средбата беше претставен концептот на мрежата, а учесниците разменија мислења за нејзината структура, приоритети и можностите за заедничко дејствување во зајакнувањето на информацискиот интегритет и отпорноста на јавноста на дезинформации и манипулативни содржини.

Учесниците се согласија дека сè почестата злоупотреба на дигиталните технологии, ширењето дезинформации и говорот на омраза бараат координиран пристап и партнерство меѓу сите чинители, со цел заштита на правото на граѓаните на точни и веродостојни информации.

ЗНМ и УНДП најавија дека ќе продолжат да работат со заинтересираните страни на понатамошниот развој на иницијативата, со цел воспоставување одржлива мрежа што ќе придонесе кон унапредување на медиумската средина и довербата во јавниот информативен простор.

# Метаморфозис го одбележа Меѓународниот ден на проверката на факти

Фондацијата Метаморфозис го одбележа 2 Април, Меѓународниот ден на проверката на факти (Fact Checking Day), нагласувајќи ја важноста на проверените информации и улогата на проверувачите на факти во справувањето со дезинформациите.




Како полноправна членка на Меѓународната мрежа за проверка на факти (IFCN) од 2019 година и сертифицирана членка на Европската мрежа за стандарди при проверката на факти (EFCSN), Метаморфозис преку Вистиномер, Мета и Порталб активно придонесува кон јакнење на интегритетот на јавниот информативен простор.

Во изминатата година, изданијата на Метаморфозис објавија речиси 1.000 проверки на факти, анализи на манипулативни тврдења и проверки на исполнувањето на предизборните ветувања. Од организацијата посочуваат дека ширењето на дезинформациите, особено преку вештачката интелигенција и социјалните мрежи, претставува сè поголем предизвик, поради што проверката на фактите останува клучна за информирана јавност и демократски процеси.

Годинашното одбележување се одржа под мотото „Ние стоиме зад фактите!“ (We Stand for Facts!), со кое проверувачите на факти ширум светот ја истакнаа својата посветеност на точноста, транспарентноста и борбата против дезинформациите.

# Овозможувачка околина

## Донаторскиот кружок на Конект обезбеди поддршка за три граѓански иницијативи



Создавањето овозможувачка околина за граѓанските организации бара развој на нови модели на поддршка и поголемо вклучување на граѓаните и приватниот сектор. Еден таков пример е Донаторскиот кружок на Конект, кој веќе седма година по ред ги поврзува индивидуалните и корпоративните донатори со граѓански организации кои сакаат да придонесат кон решавање на општествени предизвици.

Седмиот донаторски кружок на Конект се одржа на 4 јуни 2026 година во просториите на Македонски Телеком во Скопје, каде повеќе од 90 граѓани се вклучија во настанот преку донирање и активности за собирање средства. Со здружени донации беа обезбедени вкупно 601.217 денари за три иницијативи на граѓански организации.

Поддршката ќе биде насочена кон:

- Здружението за помош и поддршка на лица со афазија ХОУП Скопје, за отворање на првиот специјализиран Центар за лица со афазија. Центарот ќе обезбеди стручна помош и поддршка за лицата кои по мозочен удар се соочуваат со нарушувања во говорот, како и за нивните семејства во процесот на опоравување.
- Центарот за младински активизам КРИК, за подобрување на условите за поддржано живеење на лицата со попреченост во четирите групни домови и за развој на активностите во Креативниот центар „Крикни“. Средствата ќе придонесат кон создавање подобри услови за квалитетен живот, дружење, креативност и окупациска терапија.
- Коалицијата „Сите за правично судење“, за продолжување на независното набљудување на судските постапки. Поддршката ќе овозможи следење на дополнителни 100 судски рочишта и придонес кон поголема транспарентност, отчетност и фер пристап до правдата за граѓаните.

При изборот на иницијативите, Конект дава предност на граѓански организации со ограничени финансиски и човечки ресурси, кои имаат помал пристап до традиционални извори на финансирање, но работат на значајни прашања за заедницата.

Донаторскиот кружок е лиценциран модел на The Funding Network, а Конект е партнер на оваа мрежа во Северна Македонија и единствената организација што ја спроведува и промовира оваа методологија во земјата.

# Советот за соработка со Владата ја поддржа реакцијата на граѓанските организации за Законот за игрите на среќа



На седницата на **Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**, одржана на 16 јуни 2026 година, членовите ја поддржаа заедничката реакција на четири мрежи на граѓански организации во врска со новиот Закон за игрите на среќа и за забавните игри. При подготовката на предлог-законот не биле консултирани ниту граѓанските организации, ниту Советот, а текстот воопшто не бил објавен за коментари на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).

Мрежата за заштита од дискриминација, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство, Платформата за родова еднаквост и Македонската платформа против сиромаштија упатија заедничка реакција до пратениците, оценувајќи дека предложените измени не претставуваат само техничка промена, туку сериозен преседан со можни долгорочни последици врз граѓанското општество, заштитата на ранливите категории и демократијата во земјата.

Организациите потсетија дека со децении обезбедуваат директна поддршка за лица со попреченост, жртви на семејно и родово базирано насилство, стари и изнемоштени лица, деца, млади, жени, Роми и други граѓани и заедници во ранлива положба. Побараа предложените измени да не се поддржат во таа форма, туку да се повлечат или дополнително изменат, со цел граѓанските организации, националните инвалидски организации и Црвениот крст јасно да останат препознаени во законот како субјекти што можат да добиваат и спроведуваат средства наменети за ранливи категории.

Членовите на Советот констатираа дека граѓанските организации треба да бидат наведени во член 18 став 1 од предлог-законот како корисници на средства за работа со ранливи категории, укажувајќи на неопходноста од транспарентен и инклузивен процес на креирање јавни политики и јасно препознавање на граѓанските организации како партнер на институциите. Советот ја поддржа реакцијата и го задолжи Одделението за соработка со невладини организации да подготви писмена реакција до Министерството за финансии и Канцеларијата на Претседателот на Владата, како и барање до Собранието за организирање јавна расправа.

И покрај овие иницијативи, Собранието на Република Северна Македонија на 29 јуни 2026 година го **усвои новиот закон**. Според соопштението на Министерството за финансии, средствата од игрите на среќа и забавните игри, во износ од 60 до 120 милиони денари годишно, ќе продолжат да се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и асоцијации, здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и Црвениот крст на Република Македонија.

Со тоа, дел од барањата на граѓанскиот сектор беа земени предвид, бидејќи именувани категории на организации остануваат препознаени како корисници на средства.

Сепак, во конечниот текст не е вратена поширока формулација која граѓанските организации општо ги препознава како партнер во работата со сите ранливи категории, ниту беше спроведен транспарентен и инклузивен процес на консултации, каков што бараа мрежите и Советот.

# Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество ја усвои Комуникациската стратегија за периодот 2026–2028

Поголема видливост, посилно учество и поинклузивен дијалог меѓу Владата и граѓанското општество се во фокусот на новата **Комуникациска стратегија на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за периодот 2026–2028**.

Советот ја усвои Стратегијата на седницата одржана на 16 јуни 2026 година. Документот беше претходно разгледан и усогласен на **работилница одржана на 15 и 16 јуни**, со експертска поддршка од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, финансиран од Европската Унија.

Општата цел на Стратегијата е да се унапреди институционалниот и инклузивниот дијалог меѓу Владата и граѓанското општество за прашања релевантни за развојот на граѓанското општество во Северна Македонија.

Стратегијата предвидува три насоки на делување: зајакнување на учеството на граѓанските организации во консултациите и следењето на јавните политики; подобрување на видливоста и јавното препознавање на улогата и работата на Советот; и зајакнување на систематската комуникација на членовите на Советот со институциите и организациите што ги претставуваат.

Според анализата на состојбата, иако Советот има воспоставени практики за транспарентност и информирање, постои простор за поголема видливост надвор од кругот на непосредните засегнати страни, поголемо учество на граѓанските организации во консултациите и поредовна присутност во медиумите.

Стратегијата предвидува комуникацијата да се темели на транспарентност и отчетност, комуникација базирана на докази, јасност и едноставност, инклузивност и широк досег и пристапност. Особено внимание се посветува на досегот до помалите и помалку видливите организации, како и до оние кои не се дел од веќе воспоставени мрежи.

Во следниот период се предвидени активности за подобрување на институционалната комуникација, односите со јавноста, внатрешната и надворешната комуникација. Тие вклучуваат редовно известување преку веб-страницата и социјалните медиуми, поголема медиумска присутност, информативни сесии и тематски средби со граѓански организации, како и создавање јасни и достапни комуникациски материјали.

Со Стратегијата, комуникацијата се препознава како важен дел од зајакнувањето на транспарентноста, учеството и структурираниот дијалог меѓу институциите и граѓанското општество. Нејзиното спроведување ќе се конкретизира преку годишни планови за комуникација, со дефинирани активности, рокови, одговорности и показатели.



# ВЕСТИ
# ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# Меѓународниот ден на Ромите низ призмата на граѓанското општество




Меѓународниот ден на Ромите е уште една можност за проверка на напредокот на општеството за предизвиците со кои се соочуваат нашите сограѓани, но исто така и е и можност да го препознаеме придонесот на сите оние што секојдневно работат на нивно надминување.

Во тој процес, граѓанските организации имаат клучна улога. Тие се мост помеѓу заедницата и институциите, обезбедувајќи информации, поддршка, застапување и конкретни услуги таму каде што системот често е недоволно достапен. Преку теренска работа, едукација, психосоцијална и правна поддршка, придружба до институции, економско зајакнување, застапување, истражувања и јавни кампањи, тие придонесуваат за подобрување на пристапот до права и услуги, за намалување на дискриминацијата и за поголема вклученост на Ромите во општествениот живот. Или како што вели Самет Скендери од организацијата ИнСок „граѓанските организации секогаш ја носат тежината на секојдневните предизвици на ромската заедница, но истовремено ја носат и светлината на надежта".

Изминатите години покажаа дека поддршката на ромските граѓански организации носи конкретни резултати.

„Ромските граѓански организации, вклучително и нашето здружение, имаат постигнато значајни резултати на терен, меѓу кои се зголемена информираност кај повеќе од 1200 Ромки за сексуално и репродуктивно здравје, поддршка во стотици случаи за остварување на социјални и семејни права, работа на случаи на дискриминација со обезбедена придружба до институции, како и поддршка при пристап до здравствени услуги и реагирање на неправилности, вклучително и незаконска наплата", истакнуваат соработниците од Здружението Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари.

**Прочитајте ја целата вест.**

# Нов етички кодекс за новинарите: процес што ја враќа довербата во медиумите



Во време кога информациите се шират со огромна брзина, а границата помеѓу проверена вест и дезинформација станува сѐ поневидлива, темата за етичко новинарство повторно се наметнува како клучна за општеството. Новинарството, како глас на јавноста, носи одговорност што денес е поголема од кога било, особено во услови кога медиумскиот простор е преплавен со различни извори кои не секогаш се водат од професионални стандарди.

Првиот Кодекс за етичко новинарство е донесен во 2001 година и оттогаш не е променет што ја нагласува потребата од негово адаптирање на новите услови на известување.

Во овој контекст, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), во партнерство со Македонскиот институт за медиуми (МИМ), го спроведува проектот „Јакнење на етичките стандарди за поголема доверба во медиумите", поддржан од Цивика мобилитас. Проектот има за цел да поттикне повисоки стандарди на професионалност и одговорност, преку процес кој не е само формално ажурирање, туку суштинско преиспитување и прилагодување на новинарската етика на современите услови.

Особено значајно е што процесот на креирање на новиот Етички кодекс се одвива инклузивно, со активно учество на новинарската заедница. Работната група составена од претставници на ЗНМ, Македонскиот институт за медиуми и Советот за етика во медиумите, од 2024 година наваму има вклучено повеќе од 200 новинари кои преку предлози и забелешки придонесуваат кон креирање на нацрт-верзијата. Консултациите сѐ уште траат, а работната група во текот на целиот период одржува средби, имплементира предлози и промени, со искуства од регионални и европски етички практики.

**Прочитајте ја целата сторија**.

# Наша моќ, наша планета: Граѓанскиот сектор предводник на промените




Секоја година, 22 април нè потсетува дека планетата не се заштитува само со големи ветувања, туку со секојдневни работа, одлуки, практични решенија и заедници кои знаат дека имаат моќ да направат промена. Овогодинешното мото на Денот на планетата Земја, „Нашата моќ, нашата планета", особено силно се поврзува со работата на граѓанските организации кои преку знаење, активизам и директна работа со граѓаните ја претвораат еколошката свест во конкретна акција.

Цивика мобилитас ја препозна и ја поддржа улогата на граѓанските организации во борбата за заштита на планетата преку конкретна финансиска и програмска поддршка.

Во рамки на програмата, за заштита на животната средина се доделени 46 грантови на 34 организации, со вкупен буџет од 75.729.198 денари. Ова претставува 7,9 проценти од вкупниот буџет. Цивика мобилитас цврсто стои зад оваа визија преку континуирана поддршка на граѓанскиот сектор, а зад овие бројки стојат организации кои работат во училишта, општини, населби, локални заедници, со млади, со лица со попреченост, со институции и со граѓани кои сакаат поздрава средина за живеење и кои секојдневно докажуваат дека нашата планета зависи токму од нашата моќ.

Грантистите на Цивика мобилитас се свесни за својата улогата на мост меѓу граѓаните и институциите, меѓу знаењето и навиката, меѓу проблемот и решението.

**Прочитајте ја целата вест.**

# Придонесот на граѓанските организации во медиумската слобода

„Обликување иднина во мир" е глобалната порака под која оваа година се одбележува 3 Мај – Светскиот ден на слободата на медиумите, посветен на улогата на новинарството во заштитата на човековите права, демократските процеси и јавниот интерес.

Денот се одбележува од 1993 година, по одлука на Обединетите нации и препорака на УНЕСКО, со цел да се истакне значењето на медиумските слободи, но и да се укаже на ризиците и притисоците со кои се соочуваат новинарите ширум светот.

Во домашниот контекст, овие процеси во значајна мера се потпираат и на граѓанскиот сектор, кој преку различни иницијативи придонесува за јакнење на професионалните стандарди, јавната дебата и медиумската писменост. Програмата Цивика мобилитас во изминатите години континуирано поддржува вакви иницијативи, насочени кон развој на медиумската сфера и зајакнување на информираното општество.

По повод денешниот ден, разговаравме со претставници на Македонскиот институт за медиуми, еден од гран-

тистите на Цивика мобилитас, за нивните ставови за улогата на граѓанските организации, нивните постигнувања, предизвиците со кои се соочуваат, како и перспективите за идниот развој на медиумската слобода.

„Граѓанските организации имаат клучна улога во заштитата и унапредувањето на слободата на медиумите преку континуирана поддршка на новинарите, јакнење на професионалните стандарди и застапување на подобри политики", велат од МИМ.

Според нив, тие делуваат како коректив на институциите, но и како партнер на медиумската заедница, обезбедувајќи простор за дијалог, критичко преиспитување и заеднички одговор на заканите кон слободата на изразување. Во македонскиот контекст, ваквата улога е особено значајна поради долгогодишните структурни слабости во медиумската сфера.




Од МИМ посочуваат дека нивната работа со години е насочена кон јакнење на квалитетното новинарство преку едукација, анализи и јавни дебати, како и кон унапредување на медиумската писменост.

**Прочитајте ја целата вест.**

## Практична поддршка за полесно финансиско известување




На 30 април 2026 година, во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ) во Скопје, тимот на Цивика мобилитас одржа работилница за финансиско известување. Работилницата беше наменета за добитниците на партнерските грантови од повикот ЦМ-ПГ-2.

Вкупно 19 учесници од сите 11 грантисти, вклучително координатори на проекти и лица задолжени за финансии, дискутираа со тимот на Цивика мобилитас за тоа како полесно и поефикасно да ги следат и известуваат за трошоците настанати при спроведување на проектните активности.

Тимот на Цивика мобилитас го презентираше системот за финансиско известување преку дигиталната платформа за електронско споделување, прикачување и управување со документи. Притоа, беа објаснети чекорите за прикачување документација и генерирање финален извештај. На грантистите им беше овозможен и директен пристап до системот, со практична поддршка во живо.

Грантистите се интересираа за функционирањето на системот, како и за други прашања во врска со спроведувањето на конкретните грантови.

„Работилницата беше навистина корисна од повеќе аспекти, особено делот со споделената (shared) Excel табела за трошоци и финансиски извештај. Овој пристап овозможува многу прецизно следење на буџетот и значително го намалува ризикот од преклопувања. Исто така, би ја истакнале прегледноста на табелите и јасноста во нивното објаснување, како и поддршката при влез и користење на платформата", додаде Симона Леви од Првата детска амбасада во светот „Меѓаши".

Работилницата придонесе за подобро разбирање на процедурите за финансиско известување и за поефикасна комуникација меѓу грантистите и тимот на Цивика мобилитас во текот на спроведувањето на проектите.

**Прочитај ја целата вест.**

## Мониторинг посетите ја потврдија одржливоста на партнерствата и резултатите од грантовите

Во периодот од 8 до 21 мај, тимот на Цивика мобилитас реализираше посети за мониторинг на организациите корисници на грантови. Посетите се одвиваа во просториите на организациите носители на проектите, а на средбите најчесто присуствуваа и претставници на партнерските организации.

Со оглед дека најголем дел од проектите влегуваат во завршна фаза, посетите беа можност за разговори со организациите за искуствата од спроведувањето на грантовите, предизвиците со кои се соочиле, постигнатите резултати, но и за вредноста на партнерствата што се развиле во текот на соработката.

Во посетите беше вклучен целиот тим на Цивика мобилитас, а разговорите се одвиваа во Скопје, Битола, Гостивар, Куманово, Неготино, Струга, Струмица и Штип.

Покрај административните и програмските аспекти, фокусот на разговорите беше ставен на промените што грантовите ги поттикнале во организациите и заедниците, научените лекции, новите иницијативи што произлегле од соработката и можностите за понатамошно заедничко дејствување.

Тимот имаше можност одблиску да слушне како организациите ги градат партнерствата, како се справуваат со локалните предизвици и на кои начини проектите придонесуваат за посилно граѓанско учество, вмрежување и локален развој.

Едно од најзначајните согледувања од посетите е дека партнерствата воспоставени преку грантовите на Ци-



вика мобилитас во огромна мерка прераснале во нешто повеќе од формална проектна соработка. Речиси сите посетени организации го оценија своето партнерство како успешно, функционално и, што е особено важно, одржливо и по завршувањето на грантот.

**Прочитајте ја целата вест.**

# „Не ни треба уште една апликација, туку некој конечно да нè слушне“



Младите од Крушево, Куманово и Тетово меѓу бавните процедури и новиот обид за дигитален дијалог со општините.

Во многу општини низ Северна Македонија, патот од идеја до реална промена кај младите често завршува уште пред да почне. Обид да се пријави проблем, неколку обиди да се најде вистинската институција, и на крај, чувство дека одговорот или доцни или воопшто не доаѓа.

„Не ни треба уште една апликација, туку некој конечно да нè слушне“, рече еден млад учесник на работилница во Куманово. Реченица што во себе ја носи фрустрацијата, но и очекувањето дека работите можат да се променат.

Токму овој јаз меѓу младите и општините е во фокусот на проектот „Мојот глас во мојот град“, кој се спроведува во Крушево, Куманово и Тетово и се обидува да отвори нов канал за комуникација преку дигитална алатка базирана на вештачка интелигенција.

Младите од трите градови велат дека најчесто знаат каде постои проблем, но не и каде точно да го пријават, ниту како да го следат неговото решавање. Во Крушево, комуникацијата со општината понекогаш функционира неформално, но кога станува збор за официјални иницијативи, процесот станува бавен и нејасен. Во Куманово и Тетово, пак, доминира чувството дека информациите се тешко достапни, а повратна информација ретко стигнува.

Проектот го спроведуваат Младински сојуз – Крушево, Центарот за интеркултурен дијалог (ЦИД) и Институтот за развој на заедницата – Тетово, а младите се вклучени не само како корисници, туку и како активни учесници во дизајнот на решението.

На работилниците за вештачка интелигенција (ВИ) одржани во Скопје, Куманово и Тетово, младите отворено зборуваа за бариерите во комуникацијата со институциите. Дел од нив признаа дека често не знаат ниту од каде да почнат кога сакаат да пријават проблем, ниту како нивниот глас понатаму се процесира.

„Ми се допадна што конечно некој праша што навистина ни треба, а не само да ни презентира готово решение“, вели Живорад Арсиќ, еден од учесниците. „На тој начин можеме навистина да влијаеме како ќе изгледа алатката, од дизајнот па се до содржината.“

Во почетокот, дел од младите гледаа со недоверба на идејата за користење вештачка интелигенција во комуникацијата со општините, но како што се развиваа дискусиите, нивниот став се менуваше кон поотворено прифаќање дека технологијата може да ја олесни и забрза комуникацијата.

**Прочитај ја целата сторија.**

# Кодексот за граѓански организации како алатка за критика и пофалба од сопствената фела



На 2 јуни 2026 година, во просториите на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), тимот на Цивика мобилитас ја организираше првата работилница посветена на унапредување на спроведувањето на Кодексот за граѓански организации. Работилницата ги собра грантистите на Цивика мобилитас од Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, кои дискутираа за можностите за зајакнување на механизмите за следење на Кодексот, пет години по неговото донесување.

За историјатот и содржината на Кодексот за граѓански организации зборуваше Александра Савевска од МЦМС. Таа се осврна на целите на работилницата и на значењето на саморегулацијата во граѓанскиот сектор.

Савевска истакна дека градењето доверба со граѓаните и пошироката јавност останува еден од најголемите предизвици, и дека Кодексот е инструмент преку кој организациите можат да ја потврдат својата заложба за јавниот интерес.

Билјана Настеска – Каланоска од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), го претстави Кодексот на новинарите како добра пракса за саморегулација. Таа го сподели искуството на ЗНМ во досегашното спроведување на Кодексот, ги презентираше телата за спроведување и механизмите за следење, ги опиша предизвиците при спроведувањето и ја образложи потребата за негово ажурирање. Во моментов, ЗНМ работи на ревизија на Кодексот преку тековен проект поддржан од Цивика мобилитас, процес кој нуди корисни компаративни согледувања за граѓанските организации.

Централниот дел на работилницата беше посветен на работа во групи, што ја водеше Фанија Ивановска од МЦМС. Учесниците се поделија во три групи, при што секоја група разгледуваше по неколку заложби од Кодексот и имаше задача да издвои максимум 10 неопходни принципи и стандарди погодни за структурирано следење.

**Прочитајте ја целата вест.**

# На граѓанскиот и бизнис секторот им се потребни партнерства за одржлива соработка




„Од краткорочни донации кон долгорочни партнерства“! Ова беше главната порака на работилницата „Зајакнување на соработката помеѓу приватниот сектор и граѓанското општество“, што се одржа на 10 јуни во Скопје. Повеќе од 20 претставници на граѓански организации разговараа за тоа како соработката со компаниите може да се развие во одржлив модел што создава пошироко општествено влијание, наместо да остане на ниво на ад хок поддршка на настани и активности.

Учесниците работеа и дискутираа со Сајмон Форестер, меѓународен експерт на Цивика мобилитас кој сподели европски практики за структурирана и долгорочна соработка меѓу граѓанскиот сектор, бизнисот и институциите.

Форестер посочи дека во повеќе европски земји соработката не се сведува на донации, туку на воспоставени партнерства со јасни правила и заеднички цели. Како пример ја наведе Данска, каде постои „Компакт“ – документ кој поставува заеднички принципи за соработка. „Тоа е корисно бидејќи организациите можат да се повикаат на него кога сакаат да соработуваат со компании“, истакна тој.

Тој додаде дека корпоративната општествена одговорност сè повеќе станува рамка за заедничко делување, при што во земји како Данска, Ирска и Италија се развиваат партнерства во областите поврзани се вработување, образование, социјална инклузија и локален развој.

Посебно внимание предизвика дискусијата за состојбите во Северна Македонија. Учесниците споделија искуства кои покажуваат дека компаниите најчесто поддржуваат конкретни настани и активности, додека

многу поретко се вклучуваат во подолгорочни партнерства што придонесуваат за развојот и одржливоста на самите организации.

Претставници на повеќе организации посочија дека соработката со локалните бизниси често се гради постепено, преку лични контакти, доверба и континуирана комуникација. Беа споделени примери на компании кои обезбедуваат финансиска поддршка, опрема, производи или услуги за реализација на активности од јавен интерес, но и искуства кои покажуваат колку е тешко организациите да го објаснат и претстават своето влијание пред потенцијалните поддржувачи.

**Прочитајте повеќе.**

## „Секој новинар е и активист и секој активист е и новинар"



Сара Танаскоска е млада новинарка од Струга. До неодамна, работела во медиум каде локалните теми ретко наоѓале место. Не поради незаинтересираност, туку поради тоа што системот едноставно не нудел простор за тоа. „Сакам повеќе да придонесам за својата локална заедница. Досега немав можност во некој медиум темелно да ги обработувам локалните теми, па оваа обука ја гледам како можност да стекнам знаења и вештини за тоа", рече таа додека траеше работилницата на Локал Актив во Охрид.

На 130 километри оддалеченост, во Тетово, Ангел Димовски, млад новинар, кажува нешто слично. „Главната причина поради која се вклучив е дека сакам да придонесам за локалното новинарство и за решавање на проблемите во заедницата", вели тој. А во Валандово, активистката Љубица Стојановска имала поинаква, но комплементарна причина: „Се вклучив за да ги следам тековните новости за правилно информирање и застапување пред јавните институции." Тројца луѓе, три различни региони, еден заеднички проблем и заклучок дека локалните заедници немаат свој глас.

Токму тоа е јадрото на проектот „Медиуми на заедницата за посилно граѓанско општество", кој го спроведуваат Институтот РЕСИС и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ).

Во текот на јуни, РЕСИС и СЕММ организираа работилници во три региони, Југоисточниот, Југозападниот и Полошкиот. Работилниците послужија за да да ги постават основите на идни редакции на медиуми на заедницата таму каде такви сè уште не постојат. Она што работилниците го потврдија е нешто што веројатно многумина го чувствуваат, но ретко го именуваат: голем дел од Македонија е во опасност да стане „медиумска пустина". Не затоа што нема медиуми, туку затоа што постоечките не произведуваат содржини кои произлегуваат од локалните заедници и служат на нивниот јавен интерес. Политичкиот и корпоративниот притисок врз локалните медиуми, нивната финансиска нестабилност, ниските примања на новинарите и отсуството на инструменти за граѓанска комуникација... Сите овие предизвици заедно резултираат со иста последица: граѓаните не знаат дека имаат право да бараат, не знаат каде да бараат и честопати не знаат ниту дека нивниот проблем е проблем.

Учесниците на работилниците тоа го почувствувале на своја кожа. Преку дискусии ги прикажале конкретните реалности на секој регион. Во Полошкиот регион, новинарите и активистите зборуваа за лошата урбанизација и загадувањето во Тетово. Регион кој, според нив, бележи зголемен ризик од малигни заболувања, но ретко добива соодветен медиумски простор за тоа. Во Југоисточниот регион, фокусот го ставија на дивите депонии и уништувањето на боровите шуми, но и на „тивкото" иселување на младите, тема за која скоро никој не пишува. Во Југозападниот регион, учесниците ги покренале прашањата за водата за пиење, депониите и реформата во здравството.

**Прочитајте ја целата сторија.**

Адресар на граѓански организации

Ресурси од граѓански организации

Магазин „Граѓаните за промена“

Вести од граѓански организации

Граѓански стории

Граѓански импулс

Кодекс за граѓански организации

Државно финансирање за граѓански организации

Civica Mobilitas Community

Civica Mobilitas ePlatform

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

**Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска**

**Уредник: Каролина Ѓурковска**

**Адреса на редакцијата:**
**ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје**

**Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381**

**Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk**

CIVICA MOBILITAS

**„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.**

Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: МЦМС, НИРАС или ФЦГ.

**www.civicamobilitas.mk**